# 130 ГОДИНИ ОД МАКЕДОНСКОТО (КРЕСНЕНСКО) ВОСТАНИЕ



# СЕЌАВАЊЕ НА БОРБАТА ЗА МАКЕДОНИЈА НА КРЕСНЕНСКИТЕ ВОСТАНИЦИ






БОРИС САНДАНСКИ



ГЕОРГИ РАДУЛОВ

На 12 октомври 2008 година, во градот Кресна, се одбележаа 130 години од македонското Кресненско востание. На собирот присуствуваа претставници на ОМО "Илинден" Пирин и голем број граѓани од целиот Пирински дел на Македонија, како и од Софија и од Шумен.

Стојко Стојков го поздрави собирот и им се заблагодари на присутните што дошле да им оддадат почит на учесниците во ова востание.

Професор Георги Радулов говореше за македонското Кресненско востание. Свој рецитал имаше Димитар Иванов од Шумен, а за книгата за Кресненското востание зборуваше Борис Сандански, роднина на Иван Сандански, кој учествувал како знаменосец во востанието, исто така, роднина на војводата Јане Сандански. Стихови им беа посветени и на кресненските востаници.

Исто така, пред споменикот на Димитар Беровски, кој се наоѓа во центарот на Кресна, беше положено цвеќе.

Овој Собир, односно Собрание се одржа во градската општинска сала, што може да се протолкува како омекнување на државната политика во однос на мирните собири на граѓаните. Оваа партија води долгогодишна борба во Стразбур и очигледно тоа дава резултати.